**20152015574**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 10 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14 и 33/15), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТ НА ПАРИ И ВРЕДНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на обезбедување на транспорт на пари и вредности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/13), во член 4 во ставот 1 зборовите „Единицата за надворешно обезбедување на објекти во Одделот за посебни единици во Централните полициски служби во Бирото за јавна безбедност“ се заменуваат со зборовите: „организациската единица надлежна за обезбедување на транспорт на пари и вредности“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-83034/1
10 ноември 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.